**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-6740/**

# З А П И С Н И К

**Од 238.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 04.12.2023 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани**,**Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска **(скајп),** Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи**(скајп)**.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Лозенка Мицевска-Одделение за правни работи во МРТ.

Седницата започна во 14.00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 237.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Предлог забелешки од членовите на Програмскиот совет на МРТ по Правилникот за решавање на конфликти меѓу јавниот и приватниот интерес при емитување на авторски дела во ЈРП МРТ.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 237.седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 237.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

По расправата записникот од 237.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.

Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 237.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување на Предлог забелешки од членовите на Програмскиот совет на МРТ по Правилникот за решавање на конфликти меѓу јавниот и приватниот интерес при емитување на авторски дела во ЈРП МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска даде вовед во оваа точка и побара од членовите да ги побразложат на кратко своите предлози и забелешки по однос на правилникот.

Прв за збор се јави членот Гајур Рамадани кој пред присутните ги образложи своите забелешки за измена и дополнување на правилникот, меѓу кои беа и следниве дополнувања:

- Новинарите, уредниците и другите даватели на услуги вработени во МРТВ, кои создаваат музички дела за МРТВ и истите се снимани во МРТВ, како што се разни музички џинглови или музички илустрации за емисии, за најави или одјави на емисии или други слични содржини, истите содржини останувaат во сопственост на МРТВ и сите права за надворешна употреба или парична компензација од други лица се во надлежност на МРТВ.
- Музичките автори, пејачи, автори на песни или автори на текстови, вработени во МРТВ, немаат право своите музички дела да ги емитуваат повеќе од два пати во текот на еден ден, освен во контактните емисии кога тие музички дела се побарани од директните јавувања од страна на слушателите.

Потоа за збор се јави членот Ристе Панов кој ги посочи своите дилеми и забелешки:

1. Да се утврди каков акт е. Дали тоа би било Правилник, бидејќи во доставениот текст стои само Правила за... и дали ќе биде само за авторски дела.

2.Јасно да се дефинира во правилникот за кои лица и вработени се однесува правилникот

Во член 1 став 4 е дефинирано кој се е опфатен во Правилникот како вклучени лица.

„(4) Правилникот ги регулира: односите, обврските и одговорностите на сите вклучени во креирање, организација, реализација и емитување на програмата и на другите што учествуваат во овозможување на овие процеси и влијаат посредно врз квалитетот на програмата.“

Во член 3 се опфатени надворешен соработник, новинарот, па обврските за почитување на основните начела дефинирани како квалитет, непристрасност, објективност и иновативност се обвзувачки само за новинарите/ уредниците, но не и за сите вклучени лица.

Потоа, во истиот член 3 (став 6) обврските за да го почитуват угледот на МРТ е само на новинарите/ уредниците.

Предлог: Јасно да се дефинира дека Правилникот со сите обврски се однесува за сите вклучени лица за да бидат појасно дефинирани како пример во член 1 став 4 , каде во целиот текст во Правилникот да сите тие се дефинират како „вклучени лица“.

Додека ако се однесува за одредена специфична група на пример авторите или некоја друга група ( надоврешни сорабортници, новинари/ уредници и друго) јасно да се посочи што конкретно тие можат да прекршат како што треба да остане на пример член 5.

3.Да се допрецизира текстот со поконкретни и појасни правила. Конкретно и јасно да се дефинира во кои ситуации ќе имаме судир на интереси по одговорности, во кои ситуации работата ќе премине во приватен интерес , односно да се дополнат и допрецизират веќе пишаните правила во текстот.

Потребата од допрецизирање го опишува и Етичкиот кодекс во член 60 :

Со другите акти (упатства, правила, правилници, одлуки) можат посебно да се уредат одредени постапки и правила на однесување во одделни подрачја со цел едукација,

решавање, односно постапки и повелби на Кодексот и слично, како и во известувања од јавен интерес.
Еден пример за допрецизирање може да биде, Одговорните уредници на програмските сервиси и уредниците во МРТ, како и новинарите не смеаат да бидат членови на управни и надзорни одбори на трговски друштва со кои МРТ склучува копродукциски договори. Или пак да се прецизира вклучени лица од МРТ можат да бидат на платен список и на трговско друштво и да земат плата од МРТ за ист проект.
Допрецизирањето може да го направат уредниците и одговорните лица, за кои форми можат да се соочат со судирот на интереси во нивните програмски сервиси.
4. Да се утврдат надлежностите на органите на МРТ, на Етичката комисијаи други лица, а исто така
5.Да постои јасна поцедура и постапкакога ќе се појавиконфликт меѓу јавниот и приватниот интерес при емитување на авторски дела во ЈРП МРТ
Член 9 од Правилникот е препишан само 3 став од член 60 од Етичкиот кодекс и излегува како недоречено во Правилникот, само е опфатена фазата пријавување на сомнеж, но не е објаснето која е понатамошната постапка и процедура по пријавувањето, кој органи и по која процедура ке се превземат работи. Што по донесеното мислење и препорака што ги донесува Етичката комисија, дали може да се поведе дисциплинска одговорност (во согласност со Законот за јавните претпријатија за вработените даватели на услуги) и по која процедура.
IX.КонтролаЧлен 9
(1)Основан сомнеж за злоупотреба на овластувањата и положбата за остварување лични и приватни цели и недозволена размена меѓу вработените на МРТ и трети лица поради лични добивки (корупција), како и сомнеж за судир на интереси, работниците можат да ги пријават на непосредниот раководител, односно на непосредниот уредник и на Етичката комисија.
6. Не е дефинирано висината на санкционирањето и казната во согласност со нивото и прекршокот кој е сторен. Потребно е да се наведе по кој закон поврзан со работните односи ќе се изврши санкционирање, дали тоа ќе биде со дисциплинска мерка по законот за ајвни претпријатија или други закони, или пак да бидат утврдени овде во Правилникот висината и основот на казната.
X.Прекршочни одредби Член 10
(1)Повредата на одредбите од овие правила претставува тешка повреда на работниот ред и дисциплина.
(2)Санкционирањето ќе се врши од случај до случај во зависност од настаната повреда и предизвиканата штета.
7. Главите VII.Креирање програмска содржина (Член 7) и VIII.Евалуација на програмата (Член 8) се опишани начинот на креирањето на програмската содржина без притоа да се наведе никаква корелација и конекцијата со судирот на интереси, односно нема збор пишано со судирот на интереси, излегува дека се сувишни и непотребни.
8.Нема предвидено рокови за застареност и нема предвидено рокови за постапката. Да се земат роковите кои веќе се утврдени во Законот за јавните претпријатија со роковите за дисциплинската постапка, роковите во Етичкиот кодекс или други рокови да се земат во предвид.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац предложи да се воведе транспарентност кај уредниците/новинарите во иборот на музички авторски дела за да се избегне злоупотреба на овластувањата и положбата за остварување лични и приватни цели и недозволена размена меѓу вработените на МРТ и трети лица поради лични добивки (корупција), како и сомнеж за судир на интереси со тоа што еднаш месечно на сајтот на МРТ ќе се објавува листа на емитувани музички дела за сите поединечни програмски сервиси.
На тој начин изборот на уредниците/новинарите ќе биде на увид на општата и на стручната јавност, која ќе реагира ако некое дело неправедно е повеќе пати емитувано, што ќе резултира со саморегулација.

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

Заменик претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемдалија ги образложи своите забелешки пред членовите на советот:
Дел I.Општи одредби: Член 3 Целта на овој правилник е:
1.Да воспостави рамнотежа? (се коси со член 61 од законот за АВМУ во кој се гарантира самостојност, независност и одговорност на уредниците,новинарите и др автори при создавање на програмата и креирање на уредувачката политика).
2.Да се ограничи моќта на вработените во МРТ? (се коси со член 6 од законот за Дискриминација во Дефиницијата стои: Секое разликување, исклучување, ограничување што имаат за цел или резултат за спречување, ограничување...).
Снежана Клинчарова истакна дека се сложува со сите забелешки на членовите на советот и дека за членот 8 став 5 од правилникот, во делот каде што стои на тоа дека извештајот треба да го достави уредникот, да се доплни со тоа дека иститот да се објави на веб страната на МРТ како и до Програмскиот совет на МРТ.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац предложи од Одделението за правни работи во МРТ да ги сублимира предлозите дадени од членовите на советот, и да изработи ревидиран правилник со прифатените предлози кој ќе биде разгледуван на наредна седница на советот.

**ТОЧКА 3:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот беше договорено да се побара од надлежните уредници во МТВ, да достават до советот одговор по Барањето испратено до МРТ од Косовската амбасада во РМ.

Седницата заврши во 15.10 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател